**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Иmателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку правосилни пресуди за сите кривични дела против половата слобода и половиот морал, односно Силување - Член 186, Обљуба врз немоќно лице - Член 187, Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години - Член 188, Обљуба со злоупотреба на положбата - Член 189, Задоволување на полови страсти пред друг - Член 190, Посредување во вршење проституција - Член 191, Подведување и овозможување полови дејствија - Член 192, Прикажување на порнографски материјал на малолетник - Член 193, Производство и дистрибуција на детска порнографија - Член 193 – а, Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години - Член 193 –б и Родоскрнавење - Член 194 има во Вашиот суд во изминатите десет години(2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021, 2022), согласно месец март 2023 година?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- е-маил

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 24 април 2023 година

Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост ▪ 1.000 Скопје ▪ ул. Бојмија,бр.К-2▪П.ф.4▪Тел.+389(0)22461600▪Факс+389(0)22464048▪ЕДБ:МК4030998338965▪Жиросметки: 300000001640306,Депонент:КомерцијалнабанкаАД,Скопје,▪530010100946572,Депонент:ОхридскабанкаАД,Охрид ▪ Девизнасметка:0270100172388,IBAN07300701001723851,SwiftKOBSMK2X,Депонент:КомерцијалнабанкаАД,Скопје

contact@mia.mk ▪ uprava@mia.mk ▪ www.mia.mk

ХАРТИЈАТАНЕСТАРЕЕ...РЕЦИКЛИРАЈ!

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ.бр.5/2023
03.05.2023

ДО

Предмет:Одговор на барање за пристап на информации од јавен карактер.

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци, Ве информираме дека во изминатите десет години (2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021, 2022) заклучно со март 2023год., во Основниот суд во Прилеп за кривичното дело “Силување“ од чл.186 од КЗ има 10 правосилни пресуди од кои 8 осудителни, 1 ослободителна пресуда и една пресуда со која е запрена постапката. За кривичното дело “Обљуба врз немоќно лице“ од чл.187 од КЗ во бараниот период има 3 правосилни пресуди и тоа 2 осудителни и една изречена мерка, за кривичното дело “Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години“ од чл.188 од КЗ има 18 правосилни пресуди и тоа 12 осудителни и 6 ослободителни. За кривичното дело “Обљуба со злоупотреба на положбата“ од чл.189 од КЗ има две правосилни пресуди кои се осудителни. За кривичното дело “Задоволување на полови страсти пред друг“ од чл.190 од КЗ во бараниот период во Основниот суд во Прилеп има 4 правосилни пресуди и тоа сите се 4 се осудителни, за кривичното дело “ Посредување во вршење на проституција“ од чл.191 од КЗ има 2 правосилни пресуди и тоа сите две се осудителни, за кривичните дела “Подведување и овозможување полови дејствија“ од чл.192 од КЗ и “Прикажување на порнографски материјал на малолетник“ од чл.193 од КЗ нема правосилни пресуди. За кривичното дело “Производство и дистрибуција на детска порнографија“ од чл.193-а има една правосилна и тоа осудителна пресуда, за кривичното дело “Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години од чл.193-б нема правосилни пресуди и за кривичното дело “Родоскрвнавење“ од чл.194 од КЗ во бараниот период нема правосилни пресуди во Основниот суд во Прилеп.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,
Зоран Стеваноски